Месечен е-билтен на Секретаријатот за европски прашања
Влада на Република Македонија
Август 2015

## Одржан виенскиот Самит за Западен Балкан




На 27 август претседателите на влади, министрите за надворешни работи и министрите за економија на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Црна Гора, Србија Хрватска и Словенија се состанаа на Самитот во Виена, во рамките на започнатиот Берлински процес.
Клучни теми беа: инфраструктура и поврзаност, регионална соработка, млади и бегалските предизвици.повеќе
Виена, 26-27 август 2015г.

Финална Декларација
Македонија и Србија бараат поголем ангажман од ЕУ околу мигрантската криза

## Остварена средба помеѓу Бесими со министрите Митов и Бушати





Заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања д-р Фатмир Бесими оствари работни средби со министерот за надворешни работи на Република Бугарија Н.Е. г. Даниел Митов, и со министерот за надворешни работи на Република Албанија Н.Е. г. Дитмир Бушати.
На средбите,покрај нагласувањето на позитивниот развој на билатералната соработка, беше истакнато значењето и важноста од континуирано продолжување на регионалната соработка, потпомогната и со Берлинскиот процес и виенскиот Самит, во насока на поголема меѓусебна поврзаност како и потребата од што поскоро исполнување на европските стандарди и членство на сите земји од Западен Балкан во Европската Унија, што ќе придонесе кон подобра иднина, мир, стабилност, економски развој и напредок.
24 јули 2015

## Спроведување на реформскиот процес

- Собранието го донесе Законот со кој се укина процесот  на лустрација
- Одбележани 14 години од Охридскиот рамковен договор со Конференција на тема: "Европскиот модел на помирување - Охридскиот договор".

## Проекти кофинансирани од ЕУ во надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Сектор за Европска Унија



"Воведување на вкрстена сообразност во директните плаќања во земјоделството во Република Македонија "

**Финансиран од:**Европска Унија и национално кофинансирање; ИПА 2009
**Цел на проектот**:Постепено воведување на вкрстена усогласеност во директните плаќања.
**Вкупна вредност**:950.000 евра
**Времетраење**:септември 2014 г.-декември 2015 г.
**Имплементирано од**:Конзорциум од две земји членки на ЕУ- Германија и Италија;
**Клучни корисници на проектот се**: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и рурален развој.



"Воведување на нови ИПАРД мерки кои треба да се спроведат во рамките на ИПАРД II

**Финансиран од**: ЕУ и национално кофинансиирање;
**Цел на проектот:** Обезбедување на помош за воведување на нови мерки во ИПАРД Програмата и градење на капацитети за спроведување на новите мерки со фокус на LEADER пристапот, советодавни услуги и формирање на Национална рурална мрежа; поддршка на процесот за програмирање на ИПАРД 2014-2020.
**Вкупна вредност**: 948.750 евра.
Времетраење:февруари 2015г. - јуни 2016г.
**Имплементирано од:** Конзорциум од земја членка на ЕУ- Полска и партнер од Македонија.
**Клучни корисници на проектот се**: Министерството за Земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделство и рурален развој.

## Вести од ЕУ

- Справување со миграциите и обезбедување на финансиска сигурност во Европа: 2,4 милијарди евра како потпора на земјите членки
- ЕУ и Виетнам постигнаа договор за слободна трговија
- Изјава на Еврогрупата во врска со европската програма за спас на Грција

## Дали сте знаеле дека...?

- Во 2014 година, преку својата хуманитарна помош и одделот за цивилна заштита Европската комисија им помогнала на 121 милион жртви на природни и вештачки катастрофи во повеќе од 80 земји
- ЕУ својата хуманитарна помош ва обезбедува во партнерство со повеќе од 200 хуманитарни организации, вклучувајќи ги и невладините и меѓународните организации, на Обединетите нации и на Црвениот крст.
- Во 2014 година, ЕУ била втор трговски партнер на Виетнам, по Кина (не вклучувајќи ја трговија во рамките на Асоцијацијата на југоисточни азиски нации ), што претставува 10% од вкупната виетнамска трговија.

## Позначајни меѓународни датуми

- 8 септември - Меѓународен ден на писменоста
- 15 септември - Меѓународен ден на Демократијата
- 21 септември - Меѓународен ден на мирот
- 27 септември - Светскиот ден на Туризмот

***Ви благодариме***